ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-3371/1
30.04. 2026 год.
СКОПЈЕ 1

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/18) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на Европски универзитет Скопје, на 151-та седницата одржана на 30.04.2026, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува постапката за изработка, усвојување, изменување, дополнување и доставување на студиските програми на Европски Универзитет Скопје.

Член 2

Изработката, усвојувањето, изменувањето, дополнувањето и доставувањето на студиските програми на Европски Универзитет Скопје се врши врз основа на Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот. Содржински и структурно студиските програми се концепираат согласно важечките законски и подзаконски прописи од областа на високото образование.

II. ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Член 3

Постапката за изработка на студиска програма може да биде во форма на акредитација на студиска програма или реакредитација на студиска програма. Наставно-научниот совет на единицата му предлага на Сенатот студиски програми во смисла на Законот за високото образование.

Член 4

Со цел изработка на студиска програма, Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот со одлука формира Комисија за изработка на конкретна студиска програма.

Во Комисијата членуваат лица избрани во наставно-научно и соработничко звање на единицата на која има потреба од акредитирање/реакредитирање на студиска програма.

Член 5

Комисијата за изработка на студиската програма ги има следните надлежности:

- дефинирање на целите на студиската програма;
- изработка на наставни планови и програми (силабуси);
- усогласување со законската регулатива;
- изработка на студиската програма согласно националните прописи и стандарди.

Член 6

Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот ја усвојува изработената студиска програма.

Член 7

Наставно-научниот совет кој ја усвоил студиската програма, истата ја доставува до Универзитетскиот сенат на разгледување и усвојување.

Член 8

Усвоената студиска програма од страна на Универзитетскиот сенат се доставува до надлежниот орган за акредитација, согласно позитивните прописи од областа на високото образование.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Толкувањето на одредбите од овој Правилник го врши Сенатот на Универзитетот.

Член 10

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Катерина Василева Гешоска